Известување за дипломски испити

За студентите кои во јунската испитна сесија сакаат да пријават дипломски испит ќе се овозможи полагање до 15 јули 2020, исклучиво во договор и со согласност на менторот, раководителот на катедра и продеканот за настава.

Се препорачува полагањето на дипломските испити да се изведува преку е-испит освен во посебни услови кога тоа преку посебно барање е одобрено од раководител на катедра и од продекан за настава.

Изведувањето на дипломските испити преку е-испит ќе биде на следниот начин:

Полагањето на теориските дипломски испити ќе се изврши преку е-испит со доставување на електронска верзија на дипломскиот друд на разгледување до предметниот професор, а со негова согласност студентот поднесува пријава за дипломски испит потпишана од предметниот професор, раководителот на катедра и продеканот за настава. Се формира комисија за дипломски испит и дипломскиот труд се доставува до членовите на испитната комисија најмалку седум дена пред одржувањето на испитот. Од денот на доставување на трудот до денот на испит комисијата има право да изврши испрашување по електронски пат или испрашувањето да биде онлајн на денот на испитот. Доколку се организира онлајн дипломски испит текот на испитот и редоследот на испрашување се во организација на наставникот. На денот на испитот комисијата треба да донесе оценка.

Полагањето на дипломските испити по инструмент и соло-пеење ќе се одржи преку е-испит со доставување на немонтирана видео-снимка направена во периодот на испитната сесија. Снимката се доставува на разгледување до предметниот професор, а со негова согласност студентот поднесува пријава за дипломски испит потпишана од предметниот професор, раководителот на катедра и продеканот за настава. Се формира комисија за дипломски испит и снимката се доставува до членовите на испитната комисија најмалку три дена пред одржувањето на испитот. На денот на испитот комисијата треба да донесе оценка. Пијано-придружбата нема да биде задолжителна за оваа испитна сесија.

Изведувањето на дипломските испити  со физичко присуство на ФМУ во оваа сесија ќе биде регулирано согласно протоколот (од прилогот) од Министерството за образование и наука.

ФМУ – Скопје